BOSCH

# Professional HEAVY DUTY

## GAS 18V-1



**Robert Bosch Power Tools GmbH**
70538 Stuttgart
GERMANY

**www.bosch-pt.com**

**1 609 92A 6TM** (2026.08) TAG / 13

1 609 92A 6TM

**mk** Оригинално упатство за работа

Македонски.......................................... Страница 7

https://eu-doc.bosch.com/




**A1**




**A2**




B
(6)
(9)
(14)
(10)
(13)
(9)
(13)
(10)
(13)


C
(6)
(7)
(8)


D1
(1)
(6)


D2
(6)
(1)


E1
(2)
(6)
(5)


E2
(15) (15)
(6)
(17)
(16)


E3
(17)
(6)


F1
(16)
(18)


F2
(16)


G
(19)
(9)
(9)
(13)
(10)

# Македонски

## Безбедносни напомени за всисувачи



**Прочитајте ги сите безбедносни напомени и упатства.** Грешките настанати како резултат од непридржување до безбедносните напомени и упатства може да предизвикаат електричен удар, пожар и/или тешки повреди.

**Чувајте ги безбедносните напомени и упатства за користење и за во иднина.**

- ▶ **Овој всисувач не е предвиден за користење од страна на деца и лица со намалени психички, физички или душевни способности или недоволно искуство и знаење.** Инаку постои опасност од погрешна употреба и повреди.
- ▶ **Не ги оставајте децата без надзор.** Така ќе се осигурате дека децата нема да си играат со всисувачот.

**⚠ ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ** **Не всисувајте материјали штетни по здравјето, на пр. прав од буково или дабово дрво, камен, азбест.** Овие материјали важат за канцерогени. Информирајте се за важечките одредби/закони во Вашата земја во врска со постапувањето со честички прав што се штетни по здравјето.

- ▶ **Користете го всисувачот само сако имате доволно информации за користењето.** Деталните инструкции ја намалуваат опасноста од погрешна употреба и повреди.

**⚠ ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ** **Всисувачот е наменет само за всисување на суви материи.** Навлегувањето на течности го зголемува ризикот од електричен удар.

- ▶ **ВНИМАНИЕ! Всисувачот смее да се користи и чува само во внатрешни простории.**Навлегувањето на дожд и влага во горниот дел на всисувачот го зголемува ризикот од електричен удар.
- ▶ **Погрижете се за добра проветреност на работното место.**
- ▶ **Всисувачот смее да се поправа само од страна на квалификуван стручен персонал со оригинални резервни делови.** Само на тој начин ќе бидете сигурни во безбедноста на всисувачот.
- ▶ **Пред користењето, проверете дали цревото за всисување е во беспрекорна состојба. При монтирањето на цревото на всисувачот, проверете да не излегува прав.** Инаку може да ја вдишете правта.
- ▶ **Не го чистете всисувачот со директно насочен млаз вода.** Навлегувањето на вода во горниот дел од всисувачот го зголемува ризикот од електричен удар.
- ▶ **Не модифицирајте и отворајте ја батеријата.** Постои опасност од краток спој.
- ▶ **При оштетување и непрописна употреба на батеријата може да излезе пареа. Батеријата може да се запали или да експлодира.** Внесете свеж воздух и доколку има повредени однесете ги на лекар. Пареата може да ги надразни дишните патишта.
- ▶ **При погрешно користење или при оштетена батерија може да истече запалива течност од батеријата. Избегнувајте контакт со неа. Доколку случајно дојдете во контакт со течноста, исплакнете со вода. Доколку течноста дојде во контакт со очите, побарајте лекарска помош.** Истечената течност од батеријата може да предизвика кожни иритации или изгореници.
- ▶ **Батеријата може да се оштети од острите предмети како на пр. клинци или одвртувач или со надворешно влијание.** Може да дојде до внатрешен краток спој и батеријата може да се запали, да пушти чад, да експлодира или да се прегрее.
- ▶ **Неупотребената батерија држете ја подалеку од канцелариски спојувалки, клучеви, железни пари, клинци, завртки или други мали метални предмети, што може да предизвикаат премостување на контактите.** Краток спој меѓу контактите на батеријата може да предизвика изгореници или пожар.
- ▶ **Користете ја батеријата само во производи на производителот.** Само на тој начин батеријата ќе се заштити од опасно преоптоварување.
- ▶ **Батериите полнете ги со полначи што се препорачани исклучиво од производителот.** Доколку полначот за кој се наменети одреден вид на батерии, се користи со други батерии, постои опасност од пожар.




**Заштитете ги батериите од топлина, на пр. од долготрајно изложување на сончеви зраци, оган, нечистотии, вода и влага.** Инаку, постои опасност од експлозија и краток спој.

- ▶ **Не всисувајте жешка или запалива прав и во простории кои се под опасност од експлозија.** Правта лесно може да се запали или да експлодира.

## Опис на производот и перформансите

Видете ги илустрациите во предниот дел од упатството за работа.

### Употреба со соодветна намена

Всисувачот е наменет за всисување и издувување на материјали што не се опасни по здравјето и суви материјали.

Користете го всисувачот само откако ќе ги проучите сите функции и може да ги примените истите без

ограничувања или откако ќе ги добиете потребните упатства.

**Rotational Airflow**

Системот за филтрирање без ќеса заштедува употреба на ќеси за прав. Нечистотијата се собира на внатрешниот ѕид на садот.

## Илустрација на компоненти

Нумерирањето на прикажаните компоненти се однесува на приказот на всисувачот на графичката страница.

**(1)** Филтер за груба нечистотија
**(2)** Копче за отклучување на садот за прав
**(3)** Копче за вклучување-исклучување
**(4)** Батерија[a)]
**(5)** Куќиште на моторот
**(6)** Сад за прав
**(7)** Копче за отклучување на поклопецот за отпад
**(8)** Поклопец за отпад
**(9)** Продолжна цевка
**(10)** Подна млазница
**(11)** Прифат за батерија
**(12)** Копче за отклучување на батерија[a)]
**(13)** Млазница за фуги
**(14)** флексибилна цевка за продолжување
**(15)** Рачка за филтер
**(16)** Филтер
**(17)** Ротирачка единица за проток на воздух со филтер **(16)**
**(18)** Окце за заклучување на филтерот
**(19)** Ѕиден држач[a)]

a) **Опишаната опрема прикажана на сликите не е дел од стандардниот обем на испорака.**

## Технички податоци

| Батериски всисувач за суво всисување | | GAS 18V-1 |
|---|---|---|
| Број на дел | | **3 601 JC6 2..** |
| Волумен на садот (бруто) | l | 0,7 |
| Потпритисок[A)] | kPa | 6 |
| Брзина на проток[A)] | l/s | 10 |
| Тежина[B)] | kg | 1,3 |
| Препорачана околна температура при полнење | °C | 0 ... +35 |
| Дозволена околна температура при работење[C)] и при складирање | °C | −20 ... +50 |
| Компатибилни батерии | | GBA18V...<br>GBA 18V...<br>ProCORE18V...<br>EXPERT18V...<br>EXBA18V...<br>CORE18V... |
| Препорачани акумулаторски батерии | | GBA18V...<br>GBA 18V...<br>ProCORE18V...<br>EXPERT18V...<br>EXBA18V...<br>CORE18V...<br>≤ 8 Ah |
| Препорачани полначи | | GAL18...<br>GAL 18...<br>GAL 36...<br>GAL12V/18...<br>GAL 12V/18...<br>GAX 18...<br>EXAL18... |

A) во зависност од употребената батерија

B) Без батерија (тежината на батеријата може да ја видите во www.bosch-professional.com)

C) ограничена моќност на температури < 0 °C

Вредностите може да варираат во зависност од производот и зависат од примената и условите на животната средина. Повеќе информации може да најдете на www.bosch-professional.com/wac.

## Информации за бучава/вибрации

Вредностите за емисија на бучава се одредуваат согласно **EN 60335-2-69**.

Нивото на звучниот притисок на всисувачот, оценето со A, вообичаено изнесува **73** dB(A). Несигурност K = **2** dB. Нивото на звук при работењето може да ги надмине наведените вредности. **Носете заштита за слухот!**

Вредности на вибрации $a_h$ (континуирани вибрации), $p_F$ (повторени ударни вибрации) и несигурност K утврдени според **EN 60335-2-69**:

$a_h$ = **0,6** m/s$^2$ (K = **1,5** m/s$^2$), $p_F$ = **17** m/s$^2$ (K = **1** m/s$^2$)

# Батерија

**Bosch** продава батериски електрични алати и без батерија. Дали батеријата е содржана во обемот на испорака можете да видите на пакувањето.

## Полнење на батеријата

▶ **Користете ги само полначите коишто се наведени во техничките податоци.** Само овие уреди за полнење се погодни за литиум-јонската батерија што се користи за Вашиот всисувач.

**Напомена:** Батеријата се испорачува делумно наполнета. За да ја наполните целосно батеријата, пред првата употреба ставете ја на полнач додека не се наполни целосно.

Литиум-јонските батерии може да се наполнат во секое време, без да се намали нивниот рок на употреба. Прекинот при полнењето не ѝ наштетува на батеријата.

Литиум-јонската батерија е заштитена од длабоко празнење со „Electronic Cell Protection (ECP)“. Доколку батеријата е испразнета, батерискиот всисувач се исклучува со заштитен прекинувач.

- **По автоматското исклучување на всисувачот не го притискајте повторно копчето за вклучување-исклучување.** Батеријата може да се оштети.

### Ставање на батеријата

Вметнете ја наполнетата акумулаторска батерија во прифатот за батерија, додека не се вклопи.

### Вадење на батеријата

За да ја извадите акумулаторската батерија, притиснете на копчето за отворање и извлечете ја батеријата. **Притоа не употребувајте сила.**

Акумулаторската батерија има 2 степена на блокирање, што спречуваат да испадне батеријата при невнимателно притискање на копчето за отклучување на батеријата. Сè додека е вметната батеријата во всисувачот, таа се држи во позиција со помош на пружина.

### Приказ за наполнетост на батеријата

Напомена: Не секој тип на батерија има приказ за нивото на наполнетост.

Трите зелени LED-светилки на приказот за наполнетост на батеријата ја покажуваат состојбата на наполнетост на батеријата. Од безбедносни причини, состојбата на наполнетост на батеријата може да ја проверите само доколку всисувачот е во мирување.

Притиснете го копчето на приказот за наполнетост на батеријата, On или , за да се прикаже наполнетоста. Ова исто така е возможно и со извадена батерија.

Доколку по притискањето на копчето на приказот за наполнетост на батеријата не свети LED светилка, батеријата е дефектна и мора да се замени.

**Тип на батерија GBA 18V... | GBA18V...**

On

| LED-светилки | Капацитет |
|---|---|
| Трајно светло 3 × зелено | 60–100 % |
| Трајно светло 2 × зелено | 30–60 % |
| Трајно светло 1 × зелено | 5–30 % |
| Трепкаво светло 1 × зелено | 0–5 % |

**Вид батерија ProCORE18V... | EXPERT18V... | EXBA18V... | CORE18V...**

| LED-светилки | Капацитет |
|---|---|
| Трајно светло 5 × зелено | 80–100 % |
| Трајно светло 4 × зелено | 60–80 % |
| Трајно светло 3 × зелено | 40–60 % |
| Трајно светло 2 × зелено | 20–40 % |
| Трајно светло 1 × зелено | 5–20 % |
| Трепкаво светло 1 × зелено | 0–5 % |

### Откривање ризик од дефект на батеријата

**EXPERT18V... | EXBA18V...**

LED-светилките на приказите за наполнетост на батеријата, покрај статусот на наполнетост на батеријата, може да укажат и на ризик од дефект на батеријата.

За да ја активирате функцијата, притиснете и задржете го копчето за приказот за наполнетост 3 секунди. Анализата на батеријата се сигнализира со вклучено светло на приказот за наполнетост на батеријата. Резултатот се прикажува на приказот за наполнетост на батеријата.

**1 LED-светилка:** батеријата има висок ризик од дефекти. Перформансите и времето на траење можеби веќе се намалени. Се препорачува да се замени батеријата.

**5 LED-светилки**: Батеријата е во добра состојба со низок ризик од дефекти.

**Напомена:** проценката на ризикот од дефект на батеријата работи во две фази и нуди поедноставена проценка на состојбата. Батеријата или е оценета во добра состојба или има зголемен ризик од дефекти. Не се прикажува процентот на здравјето на батеријата.

### Напомени за оптимално користење на батериите

Заштитете ја батеријата од влага и вода.

Складирајте ја батеријата во опсег на температура од −20 °C до 50 °C. Не ја оставајте батеријата на пр. во автомобилот во лето.

Повремено чистете ги отворите за проветрување на батеријата со мека, чиста и сува четка.

Скратеното време на работа по полнењето покажува, дека батеријата е потрошена и мора да се замени.

Внимавајте на напомените за отстранување.

## Монтажа

- **Извадете ја батеријата, пред одржувањето или чистењето на всисувачот, пред да направите на поставки на уредот, замена на деловите или тргање на всисувачот настрана.** Овие мерки за предупредување го спречуваат невнимателниот старт на всисувачот.

### Монтирање на опремата за всисување (види слика B)

- **Извадете ја батеријата, пред одржувањето или чистењето на всисувачот, пред да направите на поставки на уредот, замена на деловите или тргање**

**на всисувачот настрана.** Овие мерки за предупредување го спречуваат невнимателниот старт на всисувачот.

Опремата за всисување може да се спои директно со контејнерот за прав **(6)**.

Можностите за комбинирање на различните делови опрема за всисувачот може да ги видите на сликата.

– Вметнете ги деловите од опремата за всисувачот цврсто во приклучокот на контејнерот за прав **(6)** и еден во друг.

# Употреба

▶ **Извадете ја батеријата, пред одржувањето или чистењето на всисувачот, пред да направите на поставки на уредот, замена на деловите или тргање на всисувачот настрана.** Овие мерки за предупредување го спречуваат невнимателниот старт на всисувачот.

## Ставање во употреба

▶ **Пред всисувањето бидете сигурни дека единицата на филтерот е цврсто монтирана.**

▶ **Користете само неоштетен филтер (без пукнатини, дупчиња итн.). Веднаш заменете го оштетениот филтер.**

### Вклучување/исклучување

– За **вклучување** на всисувачот, притиснете го копчето за вклучување-исклучување **(3)**.

– За **исклучување** на всисувачот, одново притиснете го копчето за вклучување-исклучување **(3)**.

# Одржување и сервис

## Одржување и чистење

▶ **Извадете ја батеријата, пред одржувањето или чистењето на всисувачот, пред да направите на поставки на уредот, замена на деловите или тргање на всисувачот настрана.** Овие мерки за предупредување го спречуваат невнимателниот старт на всисувачот.

▶ **Одржувајте ја чистотата на всисувачот и отворите за проветрување, за да може добро и безбедно да работите.**

▶ **При сервис и чистење на всисувачот користете маска за заштита од прав.**

Повремено исчистете го куќиштето на всисувачот со влажна крпа.

Исчистете ги извалканите контакти за полнење со сува крпа.

### Празнење на садот за прав (види слика C)

Исчистете го садот **(6)** по секоја употреба, за да го одржите оптималниот перформанс на всисувачот.

– Држете го всисувачот над соодветен сад за отпад.

– Притиснете на копчето за отклучување **(7)** за отворање на поклопецот за отпад **(8)**.

– Истресете го садот за прав **(6)**.

– Затворете го поклопецот за отпад **(8)** така што звучно ќе се вклопи.

– Доколку е потребно, испразнете го филтерот за груба нечистотија **(1)** и исчистете ја ротирачката единица за проток на воздух **(17)** и филтерот **(16)**.

### Испразнете го филтерот за груба нечистотија (види слики D1–D2)

– Свртете го филтерот за груба нечистотија **(1)** до крај во правец  и извадете го од садот за прав **(6)**.

– Истресете го филтерот за груба нечистотија и садот за прав над соодветен сад за отпад.

– Ставете го филтерот за груба нечистотија **(1)** во садот за прав **(6)** и свртете го до крај во правец .

### Исчистете ја ротирачката единица за проток на воздух и филтерот (види слика E1–F2)

– Држете го всисувачот малку надолу како што е прикажано за да не може да испадне прав од садот за прав при отворање на всисувачот.

– Притиснете го копчето за отклучување **(2)** и извадете го садот за прав **(6)** од куќиштето на моторот **(5)** (види слика **E1**).

– Фатете ги рачките за филтерот **(15)** и повлечете ја ротирачката единица за проток на воздух **(17)** со филтерот **(16)** од садот за прав **(6)** (види слика **E2**).

– Истресете го садот за прав **(6)** и ротирачката единица за проток на воздух **(17)** над соодветен сад за отпад (види слика **E3**).

– Вметнете ја повторно ротирачката единица за проток на воздух **(17)** со филтерот во садот за прав **(6)**.

– Притиснете го окцето за заклучување **(18)** кон нагоре и извадете го филтерот **(16)** (види слики **F1**–**F2**).

– Лесно тропнете со филтерот на цврста подлога, за да падне правта. Заменете го оштетениот филтер.

– Поставете го исчистениот филтер **(16)** во ротирачката единица за проток на воздух **(17)**.

– Закачете го садот за прав **(6)** долу во куќиштето на моторот **(5)**. Оставете го садот за прав под слаб притисок звучно да се вклопи во куќиштето на моторот.

### Чување (види слика G)

За да заштедите на простор при складирање на всисувачот и додатоците на всисувачот, може да го користите ѕидниот држач **(19)** (додаток).

### Дефекти

За оптимална јачина на всисувачот редовно празнете го садот за прав **(6)** и филтерот за груба нечистотија **(1)** и редовно чистете ја ротирачката единица за проток на воздух **(17)** и филтерот **(16)**.

Проверете при недоволна јачина на всисување:
- Дали е садот за прав **(6)** полн?
  ▷ Испразнете го садот за прав.
- Дали филтерот за груба нечистотија **(1)** е запушен со отпад?
  ▷ Испразнете го филтерот за груба нечистотија.
- Дали ротирачката единица за проток на воздух **(17)** или филтерот **(16)** се запушени со прав?
  ▷ Исчистете ги ротирачката единица за проток на воздух и филтерот.
- Дали е преслаб капацитетот на батеријата **(4)**?
  ▷ Наполнете ја батеријата.

Доколку и понатаму не може да се постигне јачина на всисување, обратете се кај **Bosch**-сервисната служба.

## Сервисна служба и совети при користење

**Северна Македонија**
Тел.: 02/ 246 76 10

За сите прашања и нарачки на резервни делови, Ве молиме наведете го 10-цифрениот број од спецификационата плочка на производот.

## Отстранување

Всисувачот, опремата и амбалажите треба да се отстранат на еколошки прифатлив начин.



Не го фрлајте всисувачот и батериите во домашната канта за ѓубре!

**Само за земјите од ЕУ:**

Електричната и електронската опрема или искористените батерии што веќе не се употребливи мора да се собира посебно и да се фрла на еколошки начин. Користете ги соодветните системи за собирање. Неправилното фрлање може да биде штетно за животната средина и здравјето на луѓето поради можното присуство на опасни материи.



2 608 000 667



2 608 000 665



2 608 000 668



2 608 000 669



2 608 000 666



2 608 000 664

Servicekontakte
Service Contacts
Contacts de Service
Contactos de Servicio
Контакты сервисных центров

https://www.bosch-pt.com/serviceaddresses

Garantiebedingungen
Guarantee Conditions
Conditions de Garantie
Condiciones de Garantía
Условия гарантии

https://www.bosch-pt.com/guarantee/202601